Друштво за ревизија, проценка, вештачење и финансиски консалтинг
ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО РАДОВИШ
ул. Коста Сусинов бр.22 Радовиш
тел. ++389 (32)633-632;
тел.моб. ++389 (72)208-072,
e-mail: idejaplusrevizija@yahoo.com,
www.idejaplus.com

ДО

ЗЕД ПЛАНЕТУМ Струмица

Предмет: Доставување на ревизорски извештај

Во прилог на дописот Ви го доставуваме Ревизорскиот извештај на фнансиските извештаи (Биланс на состојба, Биланс на успех, и Ивештај за промени во деловниот фонд) на **31.12.2016 година. Покрај ревидираните Финансиски извештаи, во ревизорскиот извештај се содржани и 20 Белешки кон Финансиските извештаи, во врска со ревидираните финансиски извештаи на** ЗЕД ПЛАНЕТУМ Струмица Штип.

Во надеж дека на взаемно задоволство соработката ке продолжи и во иднина остануваме со почит.

Радовиш 21.04.2017 **г.**

ИДЕЈА ПЛУС
РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ

ЗЕД ПЛАНЕТУМ Струмица

Финансиски извештаи

за годината што завршува на 31 Декември 2016 година

и

Извештај на независните ревизори

Април, 2017

СОДРЖИНА

НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ.....3-4
ОДГОВОРНОСТ НА МЕНАЏМЕНТОТ.....5
БИЛАНС НА УСПЕХ.....6
БИЛАНС НА СТОЈБА.....7
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ДЕЛОВНИОТ ФОНД.....8
БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ.....9-14

Друштво за ревизија, проценка, вештачење и финансиски консалтинг
ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО РАДОВИШ
ул. Коста Сусинов бр.22 Радовиш
тел. ++389 (32)633-632;
тел.моб. ++389 (72)208-072,
e-mail: idejaplusrevizija@yahoo.com,
www.idejaplus.com

НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

ДО

ОСНОВАЧИТЕ И МЕНАЏМЕНТОТ НА ЗЕД ПЛАНЕТУМ Струмица

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи што ги вклучуваат Билансот на состојба на ЗЕД ПЛАНЕТУМ Струмица (во натамошниот текст Организацијата) на 31 Декември 2016 година, како и на Билансот на успех, Извештајот за промени во деловниот фонд за годината што заврши тогаш, прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Менаџментот е одговорен за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Одговорност на ревизорот

Нашата одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на Нашата ревизија. Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ке ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајки ја и проценката на ризиците од значајно материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските

извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека прибавените ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за Нашето ревизорско мислење.

Основа за мислење со резерва

Како што е наведено во Белешка бр. 11 – Недвижности, постројки и опрема, Организацијата не пресметала амортизација на постојаните средства, што согласно сметководствената политика за пресметка на амортизација би изнесувала 239 илјади денари за што се потценети расходите за амортизација и е преценет остварениот нето вишок – добивка.

Мислење со резерва

Според наше мислење, освен за ефектите на кои се укажува во пасусот Основи за мислење со резерва, финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЗЕД ПЛАНЕТУМ Струмица заклучно со 31 декември 2016 година, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годината што тогаш заврши, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Извештај за други барања

Менаџментот на Организацијата е, исто така, одговорен за подготвување на финансиски извештај и преглед на документи за поддршка на финансискиот извештај за програмата Цивика Мобилитас и нивно поднесување до Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка согласно Договор за институционален грант.

Нашата работа во однос на финансискиот извештај и прегледот на документи за поддршка на финансискиот извештај е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во финансискиот извештај за работата се во согласност со Договорот за ионституционален грант.

Според наше мислење финансискиот извештај и прегледот на документи за поддршка на финансискиот извештај за програмата Цивика Мобилитас кои се поднесени до Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка се во согласност со Договорот за институционален грант.

Радовиш, 21.04.2017 година

Овластен ревизор
Јанка Димитрова

ИДЕЈА ПЛУС
РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ
ДОО Радовиш
Јанка Димитрова

ОДГОВОРНОСТ НА МЕНАЏМЕНТОТ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Приложените финансиски извештаи на ЗЕД ПЛАНЕТУМ Струмица, на страниците од 6 до 8 и Белешките кон истата страна од 9 до 15 се одговорност и се одобрени од менаџментот.

ЗЕД ПЛАНЕТУМ Струмица го води сметководството во согласност со законските прописи и принципи што се применуваат во Р.Македонија. За 2015 нема подготвено финансиски извештаи и затоа не е овозможена споредливост со финансиските извештаи за 2016 година. Финансиските извештаи вклучуваат одредени износи кои се базираат на најдобрите можни проценки и оценки на датумот на составување на извештајот.

Врз основа на вистинитоста и објективноста на Финансиските извештаи, менаџментот има развиено и одржува внатрешна структура на контрола. Менаџментот верува дека внатрешните контроли овозможуваат сигурност во однос на бонитетот на финансиските евиденции и дека средствата се правилно евидентирани и вреднувани во сметководството. Внатрешниот процес на контрола исто така го вклучува и информирањето на вработените од страна на менаџментот за политиките кои овозможуваат етичко водење и деловно однесување.

Независните ревизори, ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш, беа ангажирани да извршат ревизија на овие Финансиски извештаи.

Претседател
Александар Лазаров

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
за годината која завршува на 31 декември 2016
во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

ЗЕД ПЛАНЕТУМ

	Белешка	*2016*	*2015*
Оперативни приходи		2927	4046
Останати приходи		87	11
Вишок на приходи од претходна година		1006	27
Вкупно приходи		**4020**	**4084**
Оперативни расходи		1100	895
Расходи за интелектуални услуги		1200	614
Трошоци за вработени		600	359
Капитални расходи			1210
Вкупно расходи		**2900**	**3078**
Данок на добивка			
Вишок на приходи над расходи по одданочување		**1120**	**1006**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Организацијата и се потпишани во негово име од страна на :

Претседател
Александар Лазаров

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
за годината која завршува на 31 декември 2016
во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

ЗЕД ПЛАНЕТУМ

	Белешки	*31 Декември 2016*	*31 Декември 2015*
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности,постројки и опрема		1280	1280
		1280	**1280**
ТЕКОВНИ СРЕДСТВА			
Останати тековни средства и АВР			
Пари и парични еквиваленти		1098	1006
Побарувања			
Залихи			
Останати побарувања		10	10
Побарувања за дадени аванси и депозити		182	191
		1290	**1207**
ВКУПНИ СРЕДСТВА		**2570**	**2487**
ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД			
ДЕЛОВЕН ФОНД			
Деловен фонд			
Резерви		35	46
Вишок на приходи и расходи		1120	1006
		1155	1052
ТЕКОВНИ ОБВРСКИ			
Краткорочни финансиски обврски		205	225
Останати обврски и ПВР		1210	1210
		1415	1435
ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ		2570	**2487**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Организацијата и се потпишани во негово име од страна на :

Претседател
Александар Лазаров

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНИОТ ФОНД ЗЕД ПЛАНЕТУМ
за годината која завршува на 31 декември 2016
во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

	Деловен фонд	*Резерви*	*Вишок на приходи над разходи*	*Вкупно*
Состојба на 1 Јануари 2016		35	1006	1041
Пренос на вишок на приходи над расходи од претходен период			(1006)	(1006)
Набавени основни средства				
Амортизација				
Вишок на приходи над расходи			1120	1120
Состојба на 31 декември 2016		35	1120	1155

Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
за годината која завршува на 31 декември 2016
во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Невладината организација ЗЕД "Планетум" Струмица (во понатамошниот текст: Организацијата) е организација основана на 26.01.1999 година. Организацијата е регистрирана во Регистарот на здруженија и фондации.

Невладината организација ЗЕД "Планетум" Струмица е невладина организација која се залага за заштита и унапредување на животната средина преку решавање на прашања и проблеми поврзани со отпадот, развој на алтернативниот туризам и услуги поврзани со животната средина.
Визијата на ЗЕД "Планетум" се базира на универзални страндарди и практики.
Вкупен број на вработени со состојба на 31 декември 2016 година изнесуваше 4 лица
(31 декември 2015 година изнесување 2 лица)

2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на Организацијата се составени во согласност со Законот за трговски друштва и стандардите за финансиско известување на пресметковна основа со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето.
Износите во билансите и белешките кон финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако во текстот не е поиканку наведено.

3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при состувањето на финансиските извештаи се наведени во продоложение на овој текст. Сметководствените политики на Друштво конзистентно се применуваат од година во година.

3.1 Парични средства и еквиваленти на парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и паричните средства на жиро сметките кај комерцијалните банки.
Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главна книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

3.2 Материјални и нематеријални средства

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинуваат куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоци за превоз и сите други издатоци, кои можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.За вредноста на набавните средства истовремено се зголемува деловниот фонд на Организацијата.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗЕД ПЛАНЕТУМ
за годината која завршува на 31 декември 2016
во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

3.2 Материјални и нематеријални средства (Продолжува)

Ревалоризацијата на долгорочните средства (материјални и нематеријални вложувања) се врши поради повторно вреднување ако инфлацијата на годишно ниво, мерена со пораст на цените на производителите на индустриски производи е зголемена од 30%. Основица за ревалоризација претставува набавната вредност на средствата.
Ревалоризационата вредност на средствата се утврдува по пат на индексирање.

3.3 Амортизација

Материјалните и нематеријалните средства се амортизираат со примена на пропорционална метода, така што набавната или ревалоризационата вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на средствата.

3.4 Признавање приходи и расходи

Приходите се искажани според објективната врсдност на примените средства или побарувања, намалени за одобрените дисконти и данокот на додадена вредност. Приходот е искажан во моментот кога договорената услуга е извршена, односно производите се испорачани.
Расходите се прикажуваат врз принципот на пресметковна основа (фактурирана реализација).

3.4 Признавање приходи и расходи (Продолжува)

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари според средниот курс на НБРМ кој важи на денот на трансакцијата.
Девизните средства и обврските во билансот на состојба се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на билансот.
Нето позитивните и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претварањето на износите во странска валута, се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.
Средните (закличните) курсеви на денарот спрема странските валути (за една единица) странска валута) на 31 Декември изнесуваат како што следува

Во денари

	2016	2015
EUR	**61,48**	**61,59**
USD	**58,33**	**56,37**

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
за годината која завршува на 31 декември 2016
во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

4.ПРИХОДИ

	2016	2015
Приходи од донации	2927	4046
Вкупно	**2927**	**4046**

Во текот на 2016 година се остварени приходи од следните донатори :

Донатор	*2016*
1. Орган на Општина Струмица	464
2.Конект	250
3.Здружение на граѓани Петра	39
4.Проект на УСАИД за граѓанско општество	508
5.Проширување на енв.нет во земјите од западен балкан	147
6.Македонски центар за меѓународна соработка Скопје - Цивика	1297
7.Фондација отворено општество	221
8.Никица Кусинкова – донација за еко - календар	1
Вкупно	2927

5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

	2016	2015
Останати приходи	88	11
Вкупно	**88**	**11**

6.ОПЕРАТИВНИ РАХОДИ

	2016	2015
Потрошени материјали	500	446
Потрошена енергија	29	39
Телефон,транспорт,репрезентација	115	65
Трошоци во платниот промет	33	68
Дневници за службени патувања	330	
Останати услуги	91	38
Вкупно	**1.098**	**656**

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
за годината која завршува на 31 декември 2016
во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

7.РАСХОДИ ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ

	2016	2015
Инетектуални услуги	1.201	614
Вкупно	**1.201**	**614**

8.ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

	2016	2015
Плати	601	359
Вкупно	**601**	**359**

9.КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

	2016	2015
Средства за градежни објекти		
Средства за опрема		
Останати капитални средства		
Вкупно		

10.Данок на добивка

	2016	2015
I. Вишок на приходи и расходи	1.120	1.006
II. Даночна основа		
III. Данок на добивка		
IV. Вишок на приходи над расходи по данокот (I-III)	**1.120**	**1.006**

Стапката на данокот изнесува 10% од даночната основа и се пресметува според даночната пријава. Даночната основа прикажана во даночната пријава претставува добивката за годината зголемена за даночно непризнатите трошоци и помалку искажани приходи согласно одредбите во Законот за данок на добивка, намалена за даночните ослободувања. Бидејќи паричнитре средства кои Организацијата ги има добиено како приход претставуваат строго наменски проектни средства, нивниот вишок над расходите не претставува оданочлива добивка и како таков се пренесува за наредната година.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
за годината која завршува на 31 декември 2016
во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

11.НЕДВИЖНОСТИ , ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

	Опрема и транспортни средства	Инвестиции во тек	Вкупно
Набавна вредност на 01.01.2016	2.390	/	1.280
Набавки/бродажби во 2016	/	/	/
Состојба на 31 Декември 2016	**2.390**	**/**	**2.390**
Исправка на вредност на 01.01.2016	1.110	/	1.110
Амортизација 2016	/	/	/
Состојба на 31 Декември 2016	**1.110**	**/**	**1.110**
Нето вредност на 31.12.2016	**1.280**	**/**	**1.280**

Менџментот смета дека недвижностите и опремата во употреба на Организацијата на 31 Декември 2016 година не се оштетени.

12.ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ СРЕДСТВА И АВР

	2016	2015
Однапред платени трошоци		
Други Активни временски разграничувања		
Салдо на 31 декенмври		

13.ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	2016	2015
Тековна сметка	1.050	998
Благајна	49	8
Салдо на 31 декември	**1.099**	**1006**

14.ПОБАРУВАЊА

	2016	2015
Побарувања од купувачи во земјата	10	10
Салдо на 31 декември	**10**	**10**

15.ЗАЛИХИ

	2016	2015
Ситен инвентар на залиха		
Салдо на 31 декември		

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗЕД ПЛАНЕТУМ
за годината која завршува на 31 декември 2016
во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

16.ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

	2016	2015
Побарувања од вработени за аконтации	19	27
Краткорочни кредити,депозити,заеми	164	164
Побарувања од работниците		
Други краткорочни побарувања		
Салдо на 31 декември	**183**	**191**

17.ДЕЛОВЕН ФОНД

	2016	2015
Деловен фонд	1.280	1.280
Состојба на 31 декември	**1.280**	**1.280**

Промените на фондовите и резервите се наведени во Извештајот на промена на деловен фонд прикажан на страна 5.

18.РЕЗЕРВИ

	2016	2015
Ревалоризациони резерви	36	36
Салдо на 31 декември	**36**	**36**

18.КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

	2016	2015
Обврски кон добавувачи во земјата	55	43
Салдо на 31 декември	**55**	**43**

19. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПВР

	2016	2015
Обврски за даноци и придонеси		
Оврски кон работниците		
Останати пасивни временски разграничувања	1.210	1.210
Салдо на 31 декември	**1.210**	**1.210**

20. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Не псотојат материјални псоледователни настани, кои би имале влијание врз разбирањето на финансиските извештаи.